# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Сабота, 26 август 1967
Скопје
Број 29 Год. XXIII

Претплатата за 1967 год. изнесува 45 (4.500) дин. Овој број чини 0,40 (40) дин. Жиро сметка бр. 401-1-16


**297.**

**ИЗВЕШТАЈ НА РЕПУБЛИЧКАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ПОВТОРНИТЕ ИЗБОРИ ЗА ПРАТЕНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СРМ**

ДО

СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

— РЕПУБЛИЧКИ СОБОР —
Скопје

Републичката изборна комисија за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, во смисла на член 141 а во врска со член 132 став 1 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, откако ги прими изборните акти од Општинската изборна комисија Струмица, на Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, му го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**за резултатите од повторните избори за пратеник на Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во изборната единица СТРУМИЦА IV**

1. На 23 јули 1967 година одржани се непосредните избори за пратеник на Републичкиот Собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во изборната единица Струмица IV, распишани со Решение на Општинската изборна комисија за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — Струмица бр. 175 од 8 јуни 1967 година.

2. На изборите избирачите гласаа непосредно за кандидатот за пратеник чија кандидатура беше потврдена од Општинската изборна комисија — Струмица и кој беше избран за кандидат за пратеник на Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во Собранието на општината Струмица на 5 јули 1967 година.

Името на кандидатот, Републичката изборна комисија го објави согласно член 102 став 1 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија со Објавата бр. 573 од 6 јули 1967 година — „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ бр. 25/67.

3. Изборите се извршени во склад со одредбите од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

4. Општинската изборна комисија Струмица го утврди резултатот од гласањето во изборната единица СТРУМИЦА IV на начинот предвиден со член 127—129 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија и според утврдената состојба го прогласи кандидатот Митко Стоилов за избран и му издаде уверение.

Резултатот од изборите е следен:

Во изборната единица СТРУМИЦА IV од запишаните 10.853 избирачи гласале 7.923 од кои за кандидатот Митко Стоилов 7.313. Неважни гласачки ливчиња има 610.

За пратеник е избран МИТКО СТОИЛОВ, од село Сушица — Струмичко за кого гласало мнозинството од запишаните избирачи на подрачјето на изборната единица.

Бр. 585
25 јули 1967 година
Скопје

РЕПУБЛИЧКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Секретар, Никола Алексовски
Претседател, Киро Никовски

**298.**

**ИЗВЕШТАЈ НА РЕПУБЛИЧКАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ДОПОЛНИТЕЛНИТЕ ИЗБОРИ ЗА ПРАТЕНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СРМ**

ДО

СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

— РЕПУБЛИЧКИ СОБОР —
Скопје

Републичката изборна комисија за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, во смисла на член 141 во врска со член 132 став 1 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија и на основа примените изборни акти од Општинската изборна комисија за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — Битола, на Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, му го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**за резултатите од дополнителните избори за пратеник на Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во изборната единица БИТОЛА IV**

1. На 6 август 1967 година одржани се непосредните избори за избор на пратеник на Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во изборната единица БИТОЛА IV, распишани со Решение бр. 01-901 од 12 мај 1967 година на Претседателот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

2. На изборите избирачите гласаа непосредно за кандидатите за пратеник чии кандидатури беа потврдени од Општинската изборна комисија Битола и кои беа избрани за кандидати за пратеник на Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во Собранието на општината Битола на 26 јули 1967 година.

3. Имињата на кандидатите Републичката изборна комисија ги објави согласно член 102 став 1 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија со Објавата бр. 586 од 26 јули 1967 година — „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, бр. 28/67.

4. Изборите се извршени во склад со одредбите од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

5. Општинската изборна комисија Битола го утврди резултатот од гласањето во изборната единица БИТОЛА IV на начинот предвиден со член 127—129 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија и според утврдената состојба го прогласи кандидатот Вангел Нечевски — Тунелот за избран и му издаде уверение.

Резултатот од изборите е следниов:

Во изборната единица БИТОЛА IV од запишаните 14.245 избирачи гласале 6.658 од кои: за кандидатот Даме Несторовски 1.181, за кандидатот Вангел Нечевски — Тунелот 3.451 и за кандидатот Благој Поповски 1.703. Неважни гласачки ливчиња има 323.

За пратеник е избран ВАНГЕЛ НЕЧЕВСКИ — ТУНЕЛОТ, од Битола, ул. Лазо Трповски бр. 6 за кого гласале најголем број од избирачите.

Бр. 589
8 август 1967 година
Скопје

РЕПУБЛИЧКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Секретар, Никола Алексовски — Претседател, Киро Никовски

**299.**

**ИЗВЕШТАЈ НА РЕПУБЛИЧКАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ДОПОЛНИТЕЛНИТЕ ИЗБОРИ ЗА ПРАТЕНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СРМ**

ДО

СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

— РЕПУБЛИЧКИ СОБОР —

Скопје

Републичката изборна комисија за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, во смисла на член 141 во врска со член 132 став 1 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија и на основа примените изборни акти од Општинската изборна комисија за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — Виница, на Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, му го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**за резултатите од дополнителните избори за пратеник на Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во изборната единица ВИНИЦА**

1. На 30 јули 1967 година одржани се непосредните избори за избор на пратеник на Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во изборната единица ВИНИЦА, распишани со Решение бр. 01-1265 од 17 јуни 1967 година на Претседателот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

2. На изборите избирачите гласаа непосредно за кандидатот чија кандидатура беше потврдена од Општинската изборна комисија Виница и кој беше избран за кандидат за пратеник на Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во Собранието на општината Виница на 15 јули 1967 година.

3. Името на кандидатот, Републичката изборна комисија за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија го објави согласно член 102 став 1 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија со Објавата бр. 579 од 15 јули 1967 година — „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ бр. 26/67.

4. Изборите се извршени во склад со одредбите од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

5. Општинската изборна комисија Виница го утврди резултатот од гласањето во изборната единица ВИНИЦА на начинот утврден со член 127—129 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија и според утврдената состојба го прогласи кандидатот Ќирил Михајловски — Груица за избран и му издаде уверение.

Резултатот од изборите е следен:

Во изборната единица ВИНИЦА од запишаните 8.479 избирачи гласале 7.642 од кои за кандидатот Ќирил Михајловски — Груица 7.539. Неважни гласачки ливчиња има 103.

За пратеник е избран ЌИРИЛ МИХАЈЛОВСКИ — ГРУИЦА, од Белград за кого гласало мнозинството од запишаните избирачи на подрачјето на изборната единица.

Бр. 588
1. август 1967 година
Скопје

РЕПУБЛИЧКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Секретар, Никола Алексовски — Претседател, Киро Никовски

# *Огласен дел*

**ЛИКВИДАЦИЈА**

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 248, страна 15, книга II, е запишано следното: Реонската станица за унапредување на земјоделието и шумарството во Тетово, со решение на Собранието на општината Тетово бр. 01-1429/1 од 13. II. 1967 година се става под редовна ликвидација.

За ликвидатор на истата е назначен Бранислав А. Петрушевски, со решение на Собранието на општината Тетово број 01-4862/1 од 5. VI. 1967 година. Тој установата под редовна ликвидација ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето, сметано од 15. VI. 1967 година.

На досегашниот потписник Алија Јонузи, в. д. директор, му престанува правото за потпишување.

Од окружниот стопански суд во Скопје, Ус бр. 65/67 од 12. VII. 1967 година. (1197)

**РЕГИСТАР НА УСТАНОВИ**

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите на 1. II. 1967 година, рег. бр. 7/67, книга I, е запишано под фирма: Централно основно училиште „Лирија“ во село Житоше, Крушево, чија дејност е оформување основно образование на учениците што потпаѓаат под задолжително школување и основно образование на возрасните.

Директор на училиштето е Неделковски Толев Андрија.

Училиштето го основа Општинското собрание — Крушево, со решение бр. 05-1079/1 од 3. VI. 1966 година, а со припојување на основните училишта: „Шула Мина“ — село Норово, „Вење Марков“ — с. Селце, „Братство единство“ — с. Велушино, „Башкими“ — с. Подвис и населба Јакреново.

Училиштето ќе го потпишува Неделковски Талев Андрија.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 11/67. (355)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите под рег. број 216, страна 1087, книга I е запишано следното: На досегашниот потписник на Основното училиште „Ванчо Миланов“ — село К'шање, Ангелкоски Раде Владимир — директор му престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешен од должност.

За директор на Основното училиште „Ванчо Миланов“, село К'шање е назначен Трајчевски Лазо Воислав, кој училиштето ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето со стариот регистриран потписник Доцевски Ѓорѓи Борис — секретар, сметано од 21. IV. 1967 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус бр. 44/67 од 23. V. 1967 година. (956)

## РЕГИСТАР НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ДУЌАНИТЕ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 345, страна 49 ,книга II, е запишана под фирма: Индустрија за вар и камен „Лепенец“ од Качаник — Продавница во Тетово, ул. „Гостиварска“. Предмет на работењето на продавницата е продажба на вар и цемент на мало.

Продавницата е основана од Централниот работнички совет на комбинатот за производство на градежни материјали „Шар“ — Генерал Јанковиќ, со одлука број 4816 од 23. VIII. 1966 година со издвојување на единицата за производство на вар и камен „Лепенец“ — Качаник во самостојно претпријатие.

Раководител на продавницата е Лика Метуша Мамут.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Раководителот на продавницата нема право да заклучува договори за купопродажба и за други стопански работи.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 321/67, од 10. IV. 1967 година. (805)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните рег. бр. 171, страна 1507, книга I, е запишан под фирма: Угостителско претпријатие „Македонија“ од Гостивар — Угостителски дуќан — кафеана број 1 во Гостивар, ул. „Борче Јовановски“ број 65. Предмет на работењето на дуќанот-кафеаната е. приготвување и издавање на разни прехранбени артикли, топли и ладни јадења, точење на сите врсти алкохолни и безалкохолни пијалоци, скара, млечни и месни производи, како и разни слаткарски работи и сладолед.

Дуќанот-кафеаната е основан од работничкиот совет на Угостителското претпријатие „Македонија“ — Гостивар, со одлука број 269 од 3. XI. 1966 година.

Раководител на дуќанот-кафеаната е Смилкоски Бранко.

Дуќанот-кафеаната број 1 ќе го потпишува, задолжува и раздолжува матичнотто претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 384/67 од 21. IV. 1967 година (814)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 120, страна 329, е запишана под фирма. „Меркур Импорт“ — универзална трговија на големо и мало од Скопје — Стоковна куќа — Скопје — Продавница број 4 во Кавадарци. Предмет на работењето на продавницата е продажба на стоки на мало по системот на самоизбор за сметка и во име на „Меркур Импорт“ — универзална трговија на големо и мало — Скопје.

Продавницата е основана од работничкиот совет на „Меркур Импорт“ — универзална трговија на големо и мало — Скопје, со одлука број 2235 од 2. III. 1967 година.

Раководител на продавницата е Грозданов Лазар.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 432/67 од 12. V. 1967 година. (817)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 1055, страна 251, книга V, е запишана под фирма: Занаетчиско-браварска услужна задруга „Први мај“ — Скопје, ул. „А“ населба „Козле“ Предмет на работењето на задругата е браварска дејност.

Задругата е основана од основачите на основачкото собрание, одржано на 11. IV. 1967 година и тоа: Јовановски Дане, Манчески Александар, Митревски Љубомир, Атанасовски Тане, Никифоров Илија, Стојановски Јован, Николовски Јордан, Тошевски Јован, Аневски Благоја и Јорданов Владимир.

Задругата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува Дане Јовановски, в. д. директор, во границите на овластувањето.

Членови на привремениот управен одбор се: Атанасовски Тане, Манчески Александар, Јорданов Владимир, Никифоров Илија и Јован Стојановски. Претседател на управниот одбор е Атанасовски Тане.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 399/67 од 9. V. 1967 година. (821)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 14, страна 125, книга I, е запишано под фирма: Претпријатие за изработка на трикотажа и конфекција „Илинденка“ од Крушево — Продавница во Кичево, улица „Маршал Тито“ бр. 94. Предмет на работењето на продавницата е продажба на производите од сопственото претпријатие а како дополнение на асортиманот: купување и продажба на артикли од кратка и плетена стока, конфекција, галантериска и базарска стока.

Продавницата е основана од работничкиот совет на Претпријатието за изработка на трикотажа и конфекција „Илинденка“ — Крушево, со одлука од работничкиот совет број 43/1 од 4. IV. 1967 год.

Раководител на продавницата е Љакоски Кочо.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 383/67 од 21. IV. 1967 година. (841)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 572, страна 215, книга II, е запишана под фирма: Трговско претпријатие за промет со прехранбени и индустриски стоки на мало и големо „Славија“ од Скопје — Самопослужна продавница број 96 во Скопје, населба „Тафталиџе“. Предмет на работењето на продавницата е продажба на мало на сите видови прехранбени, индустриски и мешани стоки за домашни потреби.

Продавницата е основана од работничкиот совет „Славија“ — трговско претпријатие — Скопје, со одлука бр. 3411 од 3. V. 1967 година.

Раководител на продавницата е Николовски Никола.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 536/67 од 21. IV. 1967 година. (770)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 1038, страна 175, книга V, е запишано под фирма: „Меркантиле“ — иноземно застапство од Загреб — Претставништво во Скопје, кеј „13 ноември“. Предмет на работењето на претставништвото е застапување на странски фирми вклучувајќи и сервисна дејност со малопродажба.

Претставништвото е основано од работничкиот совет на „Меркантиле“ иноземно застапство — Загреб, со одлука од 10. XI. 1965 година.

Раководител на претставништвото е Пеливанов Панче.

Претставништвото ќе го потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 380/67 од 21. IV. 1967 година. (772)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 1061, страна 285, книга V, е запишана под фирма: Трговска работна организација на големо и мало „Нова трговија“ од Кочани — Продавница број 6 во Скопје, населба „Козле“. Предмет на работењето на продавницата е продажба на сите врсти прехранбено-колонијални стоки, сите видови на алкохолни и безалкохолни пијалоци.

Продавницата е основана од работничкиот совет на Трговската работна организација на големо и мало „Нова трговија“ — Кочани, со одлука од 22. III. 1967 година.

Раководител на продавницата е Голибеговски Танче.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 420/67 од 12. V. 1967 година. (844)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1060, страна 281, книга V, е запишано под фирма: Трговско претпријатие со употребени суровини, техничка стока, стока со мани и употребувани машини и возила на големо и мало „Обнова“ од Осијек — Стовариште во Скопје, населба „Козле“ ул. „Ц“. Предмет на работењето на стовариштето е: продажба на големо на техничка стока за снабдување на производни и занаетчиски организации (метална стока, боја и мешовита индустриска стока исклучиво со машини.

Стовариштето е основано од работничкиот совет на „Обнова“ — Осијек, а согласно со решението на Собранието на општината Идадија — Скопје 09/1 бр. 4669 од 14. III. 1967 година.

Раководител на стовариштето е Георгиевски Јордан.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 318/67 од 12. V. 1967 година (851)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните. рег. број 1044, страна 203, книга V, е запишан под фирма: Трговско претпријатие на големо и мало „Лисичанка“ од село Горно Лисиче — Склад во село Горно Лисиче. Предмет на работењето на складот е откуп на земјоделски производи, складирање на брашно и трици, и продажба на големо.

Складот е основан од работничкиот совет на Трговското претпријатие на големо и мало „Лисичанка“ од село Горно Лисиче, со одлука број 7 од 18. V. 1967 гдина.

Раководител на складот е Коцевски Цветан Коце.

Складот ќе го потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 389/67 од 22. V. 1966 година. (884)

Окружниот стопански суд во Скопје, објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 667, страна 475, книга IV, е запишано под фирма: Слаткарско претпријатие Ванила“ од Скопје — Продавница во Скопје на „Зелен пазар“, ул. „Христо Ботев“. Предмет на работењето на продавницата е пржење и продавање на мекици.

Продавницата е основана од работничкиот совет на Слаткарското претпријатие „Ванила“ — Скопје, со одлука бр. 751 од 24. IV. 1967 година .

Раководител на продавницата е Добевски Крсто.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 459/67, од 22. V. 1967 година. (885)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1069, страна 317, книга V е запишано под фирма: „Генералекспорт“ — претпријатие за унапредување на надворешно-трговска размена од Белград — Претставништво во Скопје, улица „719“ бр 25. Предмет на работењето на претставништвото е унапредување на надворешно-трговската размена и застапување на странски фирми.

Претставништвото е основано од „Генералекспорт“ — Белград со извод од записникот на IX седница на работничкиот совет, X свикување и XXVI седница на управниот одбор и XV свикување на претпријатието, одржана на ден 24. X. 1966 година.

Претставништвото ќе го потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат Солдатов Љубомир, раководител, и Серафимовска Живка.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 307/67 од 21 IV. 1967 година. (890)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 1065, страна 301, книга V, е запишано под фирма: „Агроплод“ — претпријатие за откуп и промет со стоки на големо и мало од Ресен — Претставништво во Скопје булевар „ЈНА“ број 68а. Предмет на работењето на претставништвото е: промет на големо и мало со овошје, зеленчук и преработки, млеко и млечни производи, риба, алкохолни и безалкохолни пијалоци, сурова кожа, волна и крзно, индустриски растенија, лековити растенија, живина и јајца, домашни ракотворби, техничка стока за снабдување на претпријатијата, мешана индустриска стока, производи од шеќер, деликатесни производи, животни намирници и предмети за домашна потреба, семенска стока, житарици и житни преработки — млински, месо и месни производи, жив добиток и добиточна храна, мебел, канцелариски материјал, стакло, порцелан и керамичка стока, електричен инсталационен материјал, градежен материјал, бои, лакови, електричен материјал, рибарски материјали, пчеларски материјали, земјоделски машини и алати, вештачки ѓубрива и средства за заштита на растенијата, моторни возила, резервни делови и прибор, железарија и метална стока, производи од гума, каучук и пластични маси, јажарска стока, кадели и јута, кожа, седларска и ременска стока и прибор, посредување во прометот со стоки на мало и големо како споредна дејност.

Претставништвото е основано од работничкиот совет на „Агроплод“ — Ресен, со одлука број 01-40 од 27. III. 1967 година.

Раководител на претставништвото е Шестаков Перо.

Претставништвото ќе го потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 425/67 од 22. V. 1967 година. (894)

Окружниот стопански суд во Скопје, објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1063, страна 293, книга V, е запишана под

фирма: Работна организација „Услуга“ од Скопје, улица „709“ број 37. Предмет на работењето на организацијата е: вршење услуги на претпријатија, установи, претставништва, куќни совети, домаќинства и други институции; организации и граѓани во одржување на хигиената — чистење, перење облеки, уредување станови и други потребни услуги.

Работната организација е основана од Советот на Месната заедница „Центар“ — Скопје, со одлука број 22/II од 31. I. 1967 година

Работната организација ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето Атанасовски Антоние, в. д. директор.

Работната организација „Услуга“ од Скопје е конституирана на ден 15. III. 1967 година, со записник број 2 од 15. III. 1967 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 299/67 од 17. V. 1967 година. (896)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 50, страна 1031, книга II, е запишана под фирма: „Тргосуровина“ — трговска работна организација за промет со дефектни стоки, индустриски отпадоци и градежни материјали во Богданци — Гевгелиско. Предмет на работењето на работната организација е: промет со сите видови дефектни стоки ,индустриски отпадоци и градежни материјали.

Работната организација е основана од работничкиот совет на „Универзал“ — трговско претпријатие за промет со дефектна стока и индустриски отпадоци од село Богданци, со одлука број 301 од 24. IV. 1967 година за издвојување на Деловната единица — Откупна станица во село Богданци во претпријатие.

Работната организација ќе ја потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат во границите на овластувањето Станчев Тодор, в. д. директор, и Петрова Васка, в. д. книговодител.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 404/67, од 16. V. 1967 година. (905)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 985, страна 853, книга IV, е запишана под фирма Центар за домашни ракотворби и сувенири „Сувенир“ од Скопје — Продавница во Крива Паланка. Предмет на работењето на продавницата е продажба на сите видови предмети од домашни ракотворби и сите видови сувенири.

Продавницата е основана од работничкиот совет на Центарот за домашни ракотворби и сувенири „Сувенир“ — Скопје, со одлука број 743 од 5. V. 1967 година.

Раководител на продавницата е Дончовска Љубица.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 434/67 од 12. V. 1967 година. (908)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 340, страна 1009, книга II, е запишана под фирма „Малина“ — трговско претпријатие за снабдување на земјоделско-прехранбени производи од Титов Велес — Кланица во Титов Велес. Предмет на работењето на кланицата е промет со крупен добиток: говеда, телиња, јунињa, бикови, мазги, мулиња и магариња; промет со заклан крупен добиток, говеда, телиња, јунињa и бикови; промет со ситен добиток — овци, јагниња, кожи, свињи, прасиња, зајаци, живина и слично на живо и клано; промет со свежо месо, сувомесни производи, свежи, суви и солени црева, маст и сите видови месни преработки како што се: шкембиња, мозок, џигер и сл.

Кланицата е основана од работничкиот совет на „Малина“ — Титов Велес, со одлука број 648 од 27. II. 1967 година.

Раководител на кланицата е Лазо Милошевски. Кланицата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 263/67 од 26. V. 1967 година. (910)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. број 100, страна 497, книга I, е запишана под фирма: Набавно-продајна задруга „Нова Лирија“ во село Белановци, Куманово. Предмет на работењето на задругата е: снабдување на членовите на задругата со репродукциони материјали и средства за работа; организирање на производство и услуги на своите членови; продажба на нивните производи, набавка и продажба на сите видови нивни земјоделски производи, продажба на прехранбени артикли, земјоделски производи и индустриски стоки преку своите продавници, продажба на градежен материјал, огревно дрво на членовите на задругата; продажба на камен, вар и дрвенарија од своите членови; вршење на транспортни услуги на стоки и продажба на занатски производи од членовите на задругата.

Основач на задругата е Основачкото собрание, одржано на 15. III. 1967 година и тоа: Исеин Исеини, Шовити Зекири, Шаипи Авди, Шефкети Јашари, Далипи Зулфи, Ајда Синани, Шабан Ѓахим, Мурати Камбер, Абази Бајрам, Фазли Беќет, Идриз Расими, Сабри Фетак, Фаји Ајредин, Абази Шаип, Бељули Алија, Џавит Зекири, Зејадин Мустафа, Калиевски Адем, Алија Азен, Салиевски Азем, Зекири Авди, Саип Реџеп, Зафир Шабани, Азис Рахим, Шабити Ракип, Рашити Дурмиш, Лиман Ибиш, Исмети Љатив, Рамадан Муртеза, Хабиб Чеиз, Милаим Бељија, Нуредин Сали, Далипи Јонуз, Исмаил Бајрам, Красни Џемаил и Бељули Бељул.

Задругата ќе ја потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат во границите на овластувањето Бељули Алија, в. д. директор, и Салија Исеин, член основач.

Привремениот управен одбор ќе го чинат: Исеин Исеини, претседател, Далипи Јонуз, Бељули Алија, Нуредини Сали и Салиевски Азем, членови.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 220/67 од 22. V. 1967 година. (928)

Окружниот стопански суд во Скопје, објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, под рег. број 294, страна 5, книга II, е запишано следното: Фирмата на Претставништвото во Куманово — хотел „Кристал“ апартман број 2 спрат II на Реалитетна агенција — Марибор, се менува и гласи: Трговско и посредничко претпријатие „Универзал — промет“ — Марибор — Претставништво во Куманово, хотел „Кристал“ I спрат, апартман број 2.

Досегашната дејност на претставништвото се менува и во иднина тоа ќе ја обавува дејноста на претпријатието регистрирано со решение Фи бр. 112/I-46 во Окружниот стопански суд — Марибор.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 249/67 од 27. III. 1967 година. (484)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, под рег. број 155, страна 425 книга I е запишано следното: Покрај досегашните потписници на Фабриката за рабни цевки и лимени конструкции „11 октомври“ — Куманово и тоа: Костадин Иван Атанасовски, финансов директор, Ѓорѓи Давид Спасовски, комерцијален директор, Мургашански Михајло, директор, и Никола Бабановски, шеф на сметководството. Фабриката ќе ја потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат во границите на овластувањето новоназначените потписници и тоа: Ѓоко Атанасовски, помошник директор по економско-

општи прашања, Момчило Драгослав Вељковиќ, шеф на книговодството и Војин Насев, шеф на бирото за програми и инвестиции на фабриката, сметано од 30. III. 1967 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 297/67 од 31. III. 1967 година. (546)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека дека во регистарот на стопанските организации н 15. VI. 1967 година на страна 112, ред. број 4 е запишано проширување на дејноста на Самостојното занаетчиско претпријатие за домашни ракотворби „Килимара" од Делчево, уште со: продажба на различна роба за украсни, уметнички и други потреби, како и сувенири и предмети од домашни ракотворби.

Проширувањето на дејноста е забележено во регистарот врз основа на одлуката на работничкиот совет на истото број 01-58/3 од 3. VI. 1967 година

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 203/67. (1171)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 23. VI. 1967 година страна 249, реден број 13 е запишана под фирма: Продавница, со седиште во Виница. Предмет на работењето на продавницата е продажба на брашно и сточна храна.

Продавницата е основана од страна на Претпријатието за промет со жито и преработки од жито „Жито Македонија' — Филијала во Кочани.

Раководител на прадавницата е Лазар Тодоров Мирчев, кој не е овластен да ја потпишува. Потпишувањето ќе го врши директорот на претпријатието.

Уписот на Продавницата се запиша во регистарот, врз основа одлуката на работничкиот совет на Филијалата број 3—4 од 29. III. 1967 година и потврдата на пазаришниот инспектор при Собранието на општината Виница бр. 05-3-1393 од 3. V. 1967 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 214/67. (1172)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 30. VI. 1967 година на страна 228, реден број 11 се запиша проширување на дејноста на Земјоделскиот производно-прехранбен и потрошувачки комбинат „Искра" од Кочани, уште со:

— продажба на колонијални стоки на големо и мало,

— на млечни производи и брашно од сите врсти на мало и големо,

— на цигари на мало и големо и

— продажба на мало на сите прехранбени производи од сопствено производство како и набавени од други фирми во вид на кооперација или соработка; градежен, електроматеријал, резервни делови, горивен материјал од нафта и нафтени деривати, алкохолни и безалкохолни пијалоци, сточни зрнести и кабасти производи, огревно дрво, млечни производи на мало и големо, и бели пецива на мало.

Проширувањето на дејноста е запишано во регистарот врз основа одлуката од работничкиот совет на Комбинатот број 804 од 29. V. 1967 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 219/67. (1178)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 2. VI. 1967 година на страна 381, реден број 8 е запишано проширување на дејноста на Предилницата за памук „Струмичанка" од Струмица, уште со производување на чешлано памучно и синтетично предиво.

Проширувањето на дејноста на Предилницата за памук „Струмичанка" од Струмица, се запиша во регистарот врз основа на одлуката на работничкиот совет на Предилницата број 03-2367/3 од 22. V. 1967 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 190/67. (1188)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на страна 280, реден број 3 се запиша дека досегашниот в. д. директор на Работната организација за откуп, обработка и производство на тутун од Св. Николе, Стојан Каревски и натаму продолжува да ја претставува и потпишува работната организација, но со преназначувањето за директор.

Преназначувањето на в. д. директор на Работната организација се запиша во регистарот врз основа одлуката на работничкиот совет на Работната организација број 335 од 25. IV. 1967 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 205/67. (1191)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. бр. 129, страна 25, книга II, е запишана под фирма: Земјоделска задруга „Мицо Ризови", село Серменин. Предмет на работењето на задругата е: да организира кооперација со индивидуалните производители со средства на задругата и производителите на земјоделското сточарско производство, да го откупува и да го пласира производството од индивидуалните призводители, да ги снабдува индивидуалните производители со репродукциони материјали и да ги кредитира земјоделците за зголемување на земјоделско-сточарските производи, да врши услуги со своите машини и да дава стручна помош, да ги снабдува членовите со стока од широка потрошувачка, да врши продажба на дрва, да произведува вар и да собира лековити билки, како и сеча на дрва.

Основачи на основачкото собрание одржано на 2. IV. 1967 година се: Николов Трифун, Венов Атанас, Јанев Јано, Венов Димитар, Раденлиев Раде, Проданов Ангел, Чочков Блажо, Јованов Трајко, Трајков Димо, Божинов Драго, Батанџиев Ристо, Маренчев Ѓорѓе, Трајков Саве, Додев Мило, Попов Димитар, Стојанов Ѓорѓе, Трајанов Санде, Ѓорѓиев Ристо, Јован Бекаров, Марков Мијо, Бацев Јордан, Трајанов Фило, Лазаров Јован, Батанџиев Илија, Марков Ангел, Јован Дончев, Аблаков Блажо, Проданов Нестор, Аблаков Милцо, Аблаков Колце, Атанас Цоцкев, Спиро Венов, Тодор Ангелов, Бекаров Димитар, Томе Ристов, Гигов Борис, Марковски Ѓорѓе и Проданов Лазар.

Задругата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето Ангел Проданов, в. д. директор.

Членови на привремениот управен одбор се. Николов Трифун, Аблаков Блажо, Трајков Димо, Јанев Јако Маренчев Ѓорѓи, Чочков Блажо, Ванов Атанас и Ѓорѓиев Ристо. Претседател на управниот одбор е Николов Трифун.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 368/67. (874)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. број 1000, страна 931, книга IV е запишано следното: Претпријатието за ремонт, сервис и моторни возила, машински услуги и промет со автомобили, резервни делови, продажба на нафтени деривати и друго, „Механика" — Скопје е конституирано на ден 10. I. 1967 година, согласно записникот број 253 од 10. I. 1967 година.

Досегашниот в. д. директор Мирко Таневски на наведеното претпријатие, е назначен за директор и наедно тој ќе го потпишува, задолжува и раздолжува претпријатието, сметано од 12. V. 1967 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 457/67 од 25. V. 1967 година. (898)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. број 294, страна 5, книга II е запишано

следното: Седиштето на Претставништвото во Куманово на улица хотел „Кристал“ I кат, апартман број 2 на Трговското и посредничко претпријатие „Универзал промет“ — Марибор во иднина се преместува од хотелот „Кристал“ I кат, апартман број 2, во Куманово на улица „Доне Божинов“ број 15.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 373/67 од 21. IV. 1967 година. (930)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. број 157, страна 433, книга II е запишано следното: Дејноста на Занаетчискиот дуќан „Велосипедист“ — Куманово во иднина се проширува и со сервисни услуги и други услужни работи и тоа:

поправка на велосипеди, монтирање нови гуми, лепење на гуми и давање под наем; поправка на мопеди (до 50 $см^3$). Поправка на електрични уреди во домаќинството (електрични шпорети, бојлери, фрижидери, електрични пегли, реша;

поправка на нафтени печки, согласно Одлуката на работничкиот совет и елаборат за економска оправданост.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 487/67 од 30. V. 1967 година. (931)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, под рег. број 299, страна 1205, книга I е запишано следното: Досегашниот раководител на Погонот — Туристичка жичара „Попова Шапка“ — Тетото на Угостителското претпријатие „Нов живот“ — Тетово, Реџепи Јахја е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За раководител на спомнатиот погон е назначен Димовски Момчило, машински инженер од прв степен, кој погонот ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето, сметано од 17. V. 1967 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 470/67 од 29. V. 1967 година. (953)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 562, страна 143, книга V, е запишано под фирма: Работната организација „Жито Македонија“ — прехранбен комбинат — Скопје — Продавница број 9 во село Маџари, улица „820“ бр. 112. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на производи од жито, продажба на ориз, грав, тестенини и сточна храна.

Продавницата е основана од работничкиот совет на Работната организација „Жито Македонија“ — прехранбен комбинат — Скопје со одлука од 17 .V. 1967 година.

Раководител на продавницата е Илиоски Борче.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето матичното претпријатие.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 564/67, од 16. VI. 1967 година. (992)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. број 73, страна 211 е запишано следното: Седиштето на Испоставата во Скопје на улица „Кочо Рацин“ број 80 на „Југошпед“ претпријатие за меѓународна шпедиција — Белград се преместува во Скопје од улица „Кочо Рацин“ број 80 на улица „316“ бр. 10 во Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 479/67 од 16. VI. 1967 година. (1000)

---

### ЗАГУБЕНИ ПЕЧАТИ

Загубениот печат на Струшките вечери на поезијата — Струга, под назив: „Струшки вечери на поезијата — Струга“, се огласува за неважен.

Загубениот штембил на Претпријатието „Раде Кончар“ — Загреб, под назив:

„Подузеќе „Раде Кончар“ — Загреб
Служба продаја
Сектор монтаже постројења
Радилиште број 21 — Скопје“,

се огласува за неважен.

---

# КОНКУРСИ

Советот на Централното основно училиште „Браќа Миладинови“ с. Миладиновци распишува

**КОНКУРС**

**за пополнување на слободни работни места во учебната 1967—68 година**

1. Наставник по ОТО со додатни часови по математика.
2. Учител за одделенска настава во подрачната паралелка во село Мршевци.

УСЛОВИ: За кандидатот под 1 да има завршена ВПШ или ПА — соодветна група, а за кандидатот под 2 — ПА — одделенска насока или учителска школа, положен стручен испит и добри работни карактеристики за последните две учебни години.

Кандидатите да се жители на Скопје и да се согласат да живеат во местото на службувањето, односно во училиштето.

Личен доход према Правилникот на училиштето.

Кандидатите треба да ги доставаат следните документи:

— молба таксирана со 0,50 н. дин.
— диплома за образование
— лекарско уверение
— извод од матичната книга на родените
— уверение за државјанство
— работни карактеристики за последните две години, ако кандидатите биле во работен однос.

Некомплетирани документи нема да се земаат предвид.

Конкурсот трае 15 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

Од Советот на училиштето

КОМИСИЈАТА ЗА ЗАСНОВАЊЕ И ПРЕСТАНОК НА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ НА ЗДРАВСТВЕНИОТ ДОМ СААТ КУЛА СКОПЈЕ

распишува

**КОНКУРС**

за пополнување на следните работни места:

1. ЕДЕН ЛЕКАР СПЕЦИЈАЛИСТ РЕНТГЕНОЛОГ,
2. ЕДЕН ЛЕКАР СПЕЦИЈАЛИСТ ЗА УВО, НОС и ГРЛО,
3. ЕДЕН ЛЕКАР СПЕЦИЈАЛИСТ ЗА ОЧНИ БОЛЕСТИ,
4. ДВА ЛЕКАРА ОД ОПШТА ПРАКСА,

Услови: Под 1, 2 и 3 завршен Медицински факултет и соодветна специјализација.

Под точка 4, завршен Медицински факултет и едногодишен лекарски стаж.

Молбите со документи да се доставуваат до Персоналната служба на Здравствениот дом Саат Кула Скопје.

Конкурсот останува отворен до пополнување на работните места.

ОД КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА НА ЗДРАВСТВЕНИОТ ДОМ СААТ КУЛА — СКОПЈЕ

ПРЕТПРИЈАТИЕТО „ЕЛЕКТРОСТОПАНСТВО“
ПОГОН „ЦРНОДРИМСКИ ХИДРОЦЕНТРАЛИ“
— СТРУГА

По одредбите од чл. 67 од Основниот закон за изградба на инвестициони објекти („Сл. лист СФРЈ“ бр. 20/67 год.)

РАСПИШУВА

**КОНКУРС ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОДОБНОСТ**

I. Предмет на конкурсот:

Утврдување подобност на стопански организации заинтересирани за изградба на мост со изработка на инвестиционо-техничка документација — по пат на инженеринг.

Мостот со должина од околу 400 м. треба да се изгради над идната акумулација на хидроелектраната „Шпиље“, на околу 4 км. од Дебар.

Избраните понудувачи ќе учествуваат во отстапувањето на работите по пат на прибирање понуди, со сопствен идеен проект за мостот, со слободен избор на системот, конструкцијата и организацијата на градењето. При одлучувањето за отстапувањето на работите, покрај економичноста дадена во решението со фиксна пресметка, ќе се земе во обзир и понудениот срок за изградба на мостот, со оглед на кусото расположиво време за неговото пуштање во употреба.

На избраните понудувачи ќе им бидат ставени на располагање: ситуацијата на теренот, крајните точки на мостот, подолжен профил на теренот како и геомеханички и геолошки карактеристики на тлото.

II. Стопанските организации, кои се интересираат за преземање на овие работи, треба да го поднесат следното:

1. Податоци за досега изведените мостови, нивниот број и големина, висина на столбовите, каков начин на градење употребиле и каква брзина постигнале во градењето.
2. Податоци за механизацијата и опремата со која располагаат за градење на мостови.
3. Со каква проектна организација ќе учествуват за изработка на техничката документација.
4. Со какви стручни кадрови за изградба на вакви објекти располагаат — квалификација и стаж на градење на мостови.
5. Завршна сметка за 1966 година.

III. Понудите треба да се достават до 31. VIII о. г. на адреса: „Црнодримски хидроелектрани“ — Струга.

Пристигнатите понуди ќе ги отвори посебна комисија на 1. IX. о. г. во 9,00 часот во просториите на погонот.

При отворањето на понудите можат да присуствуваат и овластените претставници на понудувачите.

Понуди кои не се составени во согласност со овој конкурс комисијата нема да ги зема предвид.

По завршената работа на комисијата, инвеститорот писмено ќе ги извести понудувачите за резултатите на конкурсот.

IV. Интересентите можат да го разгледаат теренот и расположивите податоци кои сеуште не се комплетирани, секој ден (освен во сабота), во просториите на погонот.

---

Училишните совети на училиштата од територијата на Општинското собрание — Берово, распишуваат заеднички

ДОПОЛНИТЕЛЕН КОНКУРС

за следните работни места во учебната 1967/68 год.

1. Училишта од II-степен,

— Гимназија „Ацо Русковски“ — Берово,

— професор по Француски јазик,

— професор по Физика и

— два просефора по Математика, со нацртна геометрија.

2. Училишта од I-степен.

— Основно училиште „Јане Сандански“ — с. Робово,

— наставник по Историја и Географија.

— Основно училиште „Ванчо Китанов“ — Пехчево

— учител за одделенска настава во подрачната паралелка во село Чифлик.

— Основно училиште „Мирче Ацев“ — с. Умлена

— учител за одделенска настава,

— Основно училиште „Цветан Димов“ — с. Ратево

— учител за одделенска настава.

УСЛОВИ:

Кандидатите за сите работни места, треба да имаат завршено соодветно образование, односно за професор соодветен факултет, за наставник ПА, и за учител, учителско образование.

Кандидатите за одделенски учители треба да имаат 5 години работен стаж.

Молбите со потребна документација се доставуваат до училиштата.

Наградувањето е според правилниците на училиштата.

Конкурсот за сите училишта е отворен до 26. VIII. 1967 година.

ОД УЧИЛИШНИТЕ СОВЕТИ НА УЧИЛИШТАТА

---

**СОДРЖИНА**

Страна

297. Извештај на Републичката изборна комисија за резултатите од повторните избори за пратеник на Републичкиот собор на Собранието на СРМ — — — — 585
298. Извештај на Републичката изборна комисија за резултатите од дополнителните избори за пратеник на Републичкиот сособор на Собранието на СРМ — — — 585
299. Извештај на Републичката изборна комисија за резултатите од дополнителните избори за пратеник во Републичкиот собор на Собранието на СРМ — 586

**Издавач: „Службен весник на СРМ“ — издавачко претпријатие, Скопје, ул. „29 ноември“ бр. 10а. Пошт. фах 51. Тел. 32.836. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро сметка број 401-1-16 при Народната банка — Скопје. Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје.**